Врз основа на член 32 став (1) точка 5) и 234 став (2) од Законот за извршување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 35/05, 50/06 и 129/06), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРОГРАМАТА И НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА ИЗВРШИТЕЛИ

Член 1

Во Правилникот за програмата и начинот на полагање на испитот за извршители ("Службен весник на РМ" бр. 90/05), членот 3 се менува и гласи:

"Испитот за извршител се полага пред Комисија за полагање испит за извршители (во понатамошниот текст: Комисија).

Комисијата е формирана од министерот за правда во состав од 5 (пет) члена и нивни заменици.

Членовите на Комисијата и нивните заменици се именуваат со мандат од 3 (три) години.

Административно-техничките работи на Комисијата ги врши секретар и негов заменик кои се именуваат од редот на државните службеници од Министерството за правда, со мандат од 3 (три) години.

Со решение за формирање на Комисијата се определуваат предметите по кои ќе испитуваат нејзините членови односно заменици".

Член 2

Во членот 4 во ставот 2 зборовите: "два пати" се заменуваат со зборовите: "четири пати".

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-6177/3
20 ноември 2007 година
Скопје

Министер за правда,
**Михајло Маневски**, с.р.